**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Пратениците, Каролина Ристова, , Гајур Саарач, Кенан Хасипи, Рафет Муминовиќ, Никола Ѓуркчиев, Гзим Острени, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоилова Цветановска, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев, Агим Џелили, Семијал Хасани, Назми Бекири, Џезаир Шаќири, Исмет Рамадани, и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејки треба да гласаме по Предлогот на законот за поттикнување на вработувањето, а 49 пратеници се потпишани, односно подигнати картички, пауза до 11,30 часот.

(По паузата, седницата продолжи со работа во 11,33 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејки не можеме да обезбедиме кворум за гласање, а има подигнато 70 картички од пратениците, знам и тоа дека има средба, билатерална средба на Комисијата за надворешна политика на Африм групата јас тука ќе ја прекинам седницата.

Ќе продолжиме во 13,00 часот.

Ги молам сите координатори, како што се договоривме, бидејки ќе ги гласаме двата закони за кои треба да гласаме со двотретинско мнозинство и плус ќе го гласаме законот за следење на телекомуникациите.

Значи продолжувма со работа во 13,00 чаот.

(Седницата прекина со работа во 11,41 часот.)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 13,05 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Некои пратеници влегуваат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Пред да го обезбедиме кворумот од 90 присутни пратеници, затоа што гласаме закони со двотретинско мнозинство би сакал на галерија да ги поздравам претставниците на делегациите на комисиите за надворешна политика на парламентите на Република Македонија, Албанија и Република Хрватска, кои што се тука присутни во рамките на нашата билатерална средба на А-3 групата.

(Аплауз)

Како што знаете, овој Парламент, барем со нешто може да се пофали дека меѓународно и парламентарната демократија е доста активен во овие 4 години. Посебни честитки од мене за сите комисии кои што имаат навистина голема меѓународна соработка, а како резултат на тоа е..., да не ви кажувам.

(Аплауз)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Станува збор за закони кои што се во рамките на судските реформи.

Господо, се надевам дека не е поинаку ни во вашите парламенти, еве чекаме кворум.

Бидејки имаме 79 пратеници присутни ги молам пратениците кои што се наоѓаат во Клубот да влезат во салата.

Молам, службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Некои пратеници влегуваат во салата.

По нашата евиденција присутни се 89 пратеници.

Молам, пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Благодарам.

**Продолжуваме со работа по точката 16 - Предлот на закон за управните спорови.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Овој закон согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија се донесува со довтретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам сите да ги притиснете копчињата.

Од 89 пратеници, 89 гласале. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за управните спорови.

**Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за прекршоците.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Овој закон согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија се донесува со довтретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 89 пратеници, 89 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прекршоците.

Дозволете од моја лична страна да се заблагодарам на сите рпатенички групи кои што го почитуваа договорот Што го направивме пред неколку дена. Благодарам.

**Продолжуваме со работа по точката 23 - Предлог на закон за поттикнување на вработувањето.**

(Некои пратеници од место поставуваат прашање до претседателот на Собранието).

Законот за следење на комуникациите е покасно, извинете, јас мислев дека е само гласањето, но таму има и амандмани и минситерот ме замоли да биде запознат со амандманите, затоа што тој е нов министер и затоа во некое догледно време тој закон ќе го ставиме на дневен ред.

Продолжуваме со работа по Предлогот на законот за поттикнување на вработувањето.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеници 53 гласале за, 4 воздржано и 8 против.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за поттикнување на вработувањето.

Дали има претставник од Министерството за економија? (Нема)

(**Слободан Чашуле:** Ова е трет пат како тој министер не доаѓа).

**Љупчо Јордановски:** Повелете процедурално господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе од името на пратеничката група барам половина час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Сега сме 14,00 часот.

Благодарам.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот, а седницата продолжи да ја води господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

По однос на точката 24 и точката 25, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државната помош и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за конкуренцијата, известени сме од Министерството за економија дека министерот и заменик министерот се службено отсутни и дека тие две точки нема да ги гледаме.

Затоа ќе преминеме на наредната точка.

Дали имаме претставник од Министерството за правда за наредната точка?

Имаме.

**Минуваме на точката 26- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запушување на правата на недвижностите.**

Пријавен е господинот Чашуле, но не е присутен тука.

Молам да го исклучите.

Госпоѓо Јаневска барате збор?

Прво да започнеме со точката.

Како што реков, тоа е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јанеска Цветле.

Повелете госпоѓо Јанеска.

**Цветле Јанеска:** Благодарам за зборот.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Сакам накусо да се произнесам по Предлогот за донесување по итна постапка на законот за измена и дополнување на Законот за премер и катастар и запишување на правата на недвижностите, со Предлог на закон.

Минатата година, ми се чини некаде пред крајот, го донесовме Законот за премер, катастар и запишување правата на недвижностите, со една првенствена цел да истиот биде применет во многу краток рок. Овој закон, сметавме и заклучивме дека има доста нови и практични решенија, многу попрактични во однос на оној од 1986 година. Тоа се потврди со фактот дека истиот беше применет само на 45% од територијата на Републиката.

Законот, покрај квалитетните решенија имаше и многу поамбициозна карактеристика, односно во членот 1 се предлагаше да истиот биде имплементиран за период од четири години. Тој Закон нудеше флексибилни решенија за еден преоден период.

Од тука и овој Предлог на закон, закон за измена и дополнување на Постојниот закон го сфаќам како уште една можност за подобрување на техничката и правна компонента на законот.

Анализирајќи ја намерата на предлагаот и давајќи позитивна оценка за Предлогот, за измениве, сакам да ги искоментирам накусо истиве, како и целите што ќе се постигнат со овие измени.

Пред се, измениве што се предлагаат се темелат врз прецизирање на работите што и во чија надлежност сега се испоставуваат истите, а што е веќе направено со постојниот Закон.

Имено, да потсетам, работите на премерот и катастарот за запишување на недвижностите се во надлежност на Државниот завод за геодетски

работи, додека пак сите други теренски работи, за што треба да се има и овластување истите да се вршат од поединци, геодети и трговски друштва, регистрирани за такви геодетски работи, се разбира под услови и начини опеределени со овој закон. Бидејќи вршењето на геодетските работи претставува една работа од јавно-правен карактер, со повеќе одредби од постојниот Закон се уредуваат условите за стекнување звање овластен геодет, начин и постапка за стекнување, продолжување, престанување и одземање на овластувањето за извршување на геодетските работи.

Јасната дистинкција на геодетските работи во постојниов Закон се основа за овие Ппредлог-измени во законов. Практично, со овие измени се утврдуваат правила и критериуми за определување надомест за различните геодетски работи, како и надоместок за полагање на испитот за стекнување на овластувања.

Така, најнапред ќе ги забележам критериумите што се однесуваат на работи а се однесуваат на Државниот завод за геодетски работи. Критериум за определување на висината на надоместокот за запишување во катастарот на недвижности, по барање на странка е обем вид и на промените во катастарскиот план, а кои промени настануваат со бришење, додавање и измена на податоците.

Критериум за определување висината на надоместокот за заверување на геодетски елаборат е формата, обемот и содржината на геодетскиот елаборат.

Критериум за надоместок на користење на податоците од премерот и катастарот на недвижности се: направените трошоци за нивно изготвување, форма, содржина и обемот на податоците, како и степенот на нивната употребливост.

Висината, пак, на надоместокот за полагање на стручниот испит за добивање овластување за вршење геодетски работи зависи од трошоците што ќе се направат за да се обезбеди простор, материјални услови за да се спроведе тој испит, составот на комисиите и времето потребно за спроведување на испитот.

Сите овие надоместоци што се засноваат на пропишани критериуми и мерила се утврдуваат согласно тарифникот што ќе го донесува Владата на Република Македонија, а на предлог на Државниот завод за геодетски работи.

Оваа законска одредба е сосема различна од онаа во постојниов Закон, каде што се даваше овалстување на директорот на Државниот завод за геодетски работи со подзаконски акти да определува висината и надоместоците за истите. Со тоа се претпоставувал, односно се констатира дека извршната власт како да сака во постојниов Закон и ги узурпираше со ваквите одредби надлежностите на законодавната власт.

Понатаму, исто така се предвидени критериуми и за извршувањето на геодетските работи од страна на поединци и трговски друштва, критериуми за определување на надоместокот, но пред се тука ќе зависат од обемот и површината на недвижностите што се предмет на премер, бројот на објектите, теренските услови, сложеноста на геодетските работи.

Висината на надоместокот овде се утврдува во согласност со претходно наброените критериуми и се дефинира во договор што ќе се склучува помеѓу извршителите на геодетските работи и нарачателот на тие геодетски работи. На ваков начин сметам дека се овозможува да владеат пазарните активности во оваа широка и сложена област на извршување на геодетски работи, а не да биде како до сега, во постојниов Закон, тие да се утврдуваат од страна на државата.

Кога сум на оваа констатација, со задоволство сакам да потсетам дека оваа заложба ја искажав и во дискусијата минатата година кога го носевме овој Закон.

Сакам, исто така, да додадам една забелешка на членот 122, став 1, точка 6, што се однесува на предметот на контролата на работите на надзор за геодетските работи што се извршуваат од страна на трговските друштва или поединците. Не ми е до крај јасна оваа одредба, дали со оваа точка се забранува дополнителна дејност за државните службеници кои работат во Државниот геодетски завод? Оваа законска одредба е сосема различна, исто така, од онаа во постојниот Закон.

На крајот, сакам да резимирам што се постигнува со овие измени во Законов:

Прво, со предложениве измени во Законов се пропишуваат критериуми за определување на висината и начинот на плашање на надоместоците за извршување на геодетските работи, што значи принципиелно се интевенира во постојниот Закон и се пропишуваат мерила и критериуми за определување висината на надоместоците во закон а не како што тоа до сега беше направено, со подзаконски акти.

Второ, со самиот факт што за користење на податоците од Катастарот ќе се наплаќаат надоместоци и таа висина на надоместоците ќе се определува, согласно веќе дефинирани критериуми во Законов, се овозможува трансформација на Државниот завод за геодетски работи од буџетска во самофинансирачка установа.

Трето, со овие измени ќе се создадат услови за пазарно стопанисување и во областа на геодетските работи, што е доста широка, ќе се зголеми конкуренцијата, а со тоа сметам дека ќе има можност да се извршуваат геодетски работи поквалитетно и со пониски цени.

Затоа, јас ќе го поддржам овој Предлог на закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јанеска.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувана министерке, почитувани колеги,

Еве, слушнавме едно исцрпно излагање за ова што е пред нас, како Предлог на закон за донесување по итна постапка, за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Во овој предлог на закон, како што кажа почитуваната колешка, некои работи се обидуваме да ги дефинираме и тука, можеби, не ќе беше апсолутно никаков проблем ако зад сето ова стоеше истата ситуација пред дефинирањето на она што значи донесување одлука или тарифник што го донесува Владата на Република Македонија, на предлог на Државниот завод за геодетски работи, па сето тоа како тарифници треба да функционираат за висината на надоместоците, за бројот, обемот и видот на промените на катастарскиот операт, катастарскиот план, кои промени настануваат со бришење, додавање или менување на податоците. Потоа, висината на надоместокот од ставот 3 зависи од формата, обемот и содржината на геодетските елаборати и тоа е повторно утврдено со тарифник што го донесува Владата на Република Македонија, на предлог на Државниот завод за геодетски работи.

Потоа, имаме за полагање на испитот, каде што се плаќа повторно, не ми е сега јасно, од ставот 2, што е нов во овој член 3, стои нов став 3- Висината на надоместокот за полагање на испит за стекнување на овластување за овластен геодет зависи од трошоците потребни за обезбедување на просторни и материјални услови за спроведување на испитот, како и составот на комисијата и времето потребно за спроведување на испитот. Е сега, ова не го разбрав. Ова дали дава некоја комоција да ние можеме да се собереме денеска во Собраниево или да имаме во комисијата тројца луѓе или пак колкави ќе бидат надоместоците, во зависност од тоа кој професор ќе викнеме и сето ова не подлежи на никаков тарифник и на ниту една контрола? Вака, како што е дадено, мислам дека има една голема комоција и недефинираност во овој член. Сега, не знам кој како ќе ги добие овие. Многу е важно за полагање на овие испити да надоместокот на Комората на овластените архитетки и овластените инженери, плаќањето да биде по некои стандарди, по некој тарифник, според што ова ќе се дефинира. Вака, со "обезбедување на просторни и материјални услови за спроведување на испитот, како и составот на комисијата и времето потребно за спроведување на испитот", мислам дека не е дефинирано. Тоа треба да бидат стандардни критериуми што ќе важат за сите кои ќе сакаат да ја стекнат оваа лиценца.

Понатаму, трговецот, многу интересно, членот 103 што се менува, кој гласи:

"Членот 103-ј во основа (основниот член) трговецот поединец, овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи, за извршените геодетски работи се должни да наплаќаат надоместок според тарифник". Тоа отпаѓа и сега имаме нова ситуација во која што овие трговци поединци, овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи, за извршените геодетски работи наплаќа надоместок чија висина особено зависи од обемот и тука има објаснување "површина на недвижнистите што се предмет на премерот, бројот на објекти, оддалеченоста на недвижностите, теренските услови, густина на деталот и сложеноста на геодетските работи".

Висината на надоместоците од став 1 на овој член се утврдува во согласност со критериумите од став 1 на овој член, со договор склучен помеѓу трговецот поединец, овластен геодет, односно трговското друштво и барателите на геодетските услуги. Сега ние тука очеуваме дека ќе имаме слободна конкуренција и дека ќе имаме многу поквалитетни мерења, а од друга страна ќе имаме намалување на цените што ќе ги бараат овие геодети.

Тоа е голем знак на прашање, дали ова ќе функционира токму така. Затоа што ние не дефинираме нешто што е посебност, површина. До која површина, каква површина. Сепак, треба да имаме едно ограничување со кое што повторно ќе треба граѓаните да ги заштитиме. Вие кажувате дека ќе има поголема конкуренција и дека на тој начин граѓанинот ќе дојде во ситуација да плаќа поевтино. Јас мислам дека ќе дојде ситуација, по договор на тие трговски друштва, овие цени да бидат и многу поголеми од оние што ги предвидувате во законот. Значи, мора да има некој лимит, нешто што Владата ќе го предвиде, некој таригник во однос на површината, на обемот на работите што вие очекувате од тоа мерење, за да не се случуваат дилетантски работи, некој да излезе на терен па после да имаме бачила или не знам какви работи што не ќе можеме да ги докажеме. И, тука ќе биде проблем.

Мислам дека проблемот е сериозен, треба да бидеме одговорни при донесување на овој закон по итна постапка и мислам дека овој член 103 за мене е клучен и дека на ваков начин не дефинираме она што сакаме да го донесеме со законот. Се надевам дека истото го сакавте и вие.

Понатаму, членот 110. Тој се брише, висината на надоместокот за користење на податоците од премерот и катастарот на недвижностите се утврдува со тарифник. Тарифникот го бришеме. Сега доаѓаме во ситуација за која што кажувате, пазарна економија и начин на кој што ќе се стигне до одредена цена. Но, јас не знам како овластените геодети, трговските друштва или луѓето кои се занимаваат со таа ситуација, оние геодети, тука ја поддржувам колешката Јанеска, мислам дека е многу нејасно во членот 122, став 6, став 1 во членот 6 каде што геодетски работи вршат државни службеници вработени во Државниот завод за геодетски работи. Дали тие треба да ги вршат или не треба да ги вршат. Ако ги вршат, тогаш имаме ситуација во која што, ако се тие државни службеници, ако тоа го прави

Геодетскиот завод, тогаш имаме ситуација во која што вие како Влада ќе дефинирате тарифник, а од другата страна ќе имаме некои трговски друштва и луѓе кои се занимаваат  со оваа работа, трговецот поединец или овластен геодет кој исто така ќе треба да прави и ќе имаме ситуација во која што ќе бараме пазарна економија.

Мислам дека тука се основните дилеми што и овој закон всушност се носи во однос на плаќањето, во однос на она што значи таригник што треба да го донесе Владата на предлог на Државниот завод за геодетски работи и тука мислам дека ќе има проблеми и сигурно ќе се јават тие проблеми. Затоа, мислам дека имаме ситуација за која што треба да се размисли, членот 103-ј и во членот 122, измените. Јас не би брзал толку, затоа што можеме да донесеме решение во кое што наместо да биде подобро, вака избрзано да донесе многу полоши резултати, бидејќи во овој момент знаеме како работи Катастарот, што очекуваме наредните години од Катастарот, што во моментов имаме како катастарски информации и она што граѓаните го бараат од Катастарот, мислам дека сме далеку од она што значи Европа, Знаете и самите колкава површина од Република Македонија е катастарски заведена. Тука имаме проблем.

Можеби овие два члена треба да се доработат, имате ситуација во која што, бидејќи го носите по итна постапка, не знам која е вашата постапка и начин да интервенирате како предлагачи, сигурно дека вие можете тоа да го направите и апсолутно мислам дека во тој дел не ќе го постигнеме ова што е напишано, дека се приближуваме до Европската унија и дека на овој начин граѓаните ќе бидат позадоволни со услугите и со цените. Апсолутно ве уверувам дека така нема да биде и тоа ќе се покаже многу скоро. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор/

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам пратениците да влезат во салата да можеме да преминеме на гласање.

Ги молам уште еднаш пратениците кои се во Соранието да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Имавме шанса да донесеме уште неколку закони. Да не излезе после дека претседателот и потпретседателите не ја водат седницата.

Овде ќе ја прекинам денешната седница.

Дополнително ќе бидете известени за продолжението на седнциата.

(Седницата прекина со работа во  15,40 часот)